# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 6 октомври 1995
Скопје
Број 47 Год. LI

Аконтацијата за 1995 година изнесува 5.000 денари. Овој број чини 200 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**1200.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 и член 82 став 3 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за знамето на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 5 октомври 1995 година.

Број 08-3359/1
5 октомври 1995 година
Скопје

За претседател
на Република Македонија
Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој закон се утврдува знамето на Република Македонија.

Член 2

Знамето на Република Македонија е црвено со златно-жолто сонце. Сонцето е со осум сончеви зраци кои се простираат од сончевиот диск со проширување до рабовите на знамето. Сончевите зраци се вкрстуваат по дијагонала, хоризонтала и вертикала.

Дијаметарот на сончевиот диск е една седмина од должината на знамето.

Центарот на сонцето се поклопува со точката во која се сечат дијагоналите на знамето.

Односот на ширината и должината на знамето е еден спрема два.

Член 3

Ликовно-графичкиот приказ на знамето на Република Македонија е составен дел на овој закон.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за знамето на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 50/92).

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



ЛИКОВНО-ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ЗНАМЕТО